# ИМЕТО НА МАКЕДОНИЈА Е СТВАРНОСТА НА МАКЕДОНИЈА – ЗА РАЗУМЕН И ТОЛЕРАНТЕН НАУЧЕН ДИЈАЛОГ

Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) секогаш настојувала да не се впушта во дневнополитички расправи и да го следи само патот на научната мисла. Меѓутоа, овој пат, МАНУ чувствува потреба да реагира на писмото потпишано од повеќе професори од разни универзитети во САД, Канада и во Европа (добар дел од грчко потекло или и од самата Грција), упатено до Претседателот на САД Барак Обама во кое, меѓу другото, тој е повикан да преземе мерки „да се исчисти политичкиот отпадок (debris) оставен во Југоисточна Европа од претходната администрација на САД", а САД да ја изменат својата веќе традиционална државна политика кон Република Македонија. Писмото го негира не само идентитетот на македонската нација, туку и нејзиното инхерентно и цивилизациско право да се вклучи во интегративните системи на современиот демократски свет. МАНУ е изненадена од неговата неакадемска реторика, со која една суверена и независна земја како Република Македонија, членка на Обединетите нации, се именува како „земјата за којашто станува збор" и брутално се навредува.

Како луѓе на науката, па следствено како застапници на објективната аргументација, на кохерентната интерпретација на историските факти, на етиката и на правдата, членовите на МАНУ не можат да ја прифатат логиката на невидената уцена што ја наметнува Република Грција околу легитимното име на својот мирољубив и пријателски сосед. Тоа македонско име е многувековно колективно чувство, артикулирана автоперцепција и самосвест на македонскиот народ.

Македонската нација е општо призната како една од јужнословенските нации, македонскиот јазик е признат како рамноправен во групата на словенски јазици и се проучува на славистичките катедри на универзитетите во светот, а македонската литература постигна широка меѓународна афирмација. По осамостојувањето (1991), Република Македонија стана призната независна европска држава, вклучена во сите пори на меѓународниот живот и развиток, со полно почитување на соживотот со сите етнички заедници во државата. А

македонска национална припадност, врз основа на природното и неприкосновено човеково право на сопствен идентитет, ја изразуваат и стотици илјади Македонци што живеат во соседните држави, како и во САД, Канада, Европа и Австралија.

МАНУ нема намера да влегува во дебата која е мотивирана со провидни политички цели – имено, со повикување на историските прашања кои допираат до античкото минато од пред два милениума, да се побива сегашното легитимно право на македонскиот народ на сопствените природни човекови права, како и на правото на национално и државно самоопределување.

МАНУ подвлекува дека, за жал, во писмото се манипулира со одамна познати историски факти, кои имаат непобитно значење. Тие факти се: прво, Република Македонија е самостојна и суверена држава, признаена под тоа име од над 120 држави во светот, членка на ООН, чијашто Повелба обврзува на почитување на таквиот нејзин статус; и второ, мнозинското население во Република Македонија со векови и денеска се идентификува како Македонци, во согласност со основното и универзално признато право на национално самоопределување и идентитет. На политичката и културната мапа на светот не постои друга држава што го носи името Македонија, народ што се самоименува како Македонци, ниту пак јазик што е познат и меѓународно признат како македонски.

Што се однесува до научната аргументација и т.н. историски факти од минатото, МАНУ опширно ќе се осврне на историските позиции изнесени во писмото до претседателот Обама и на становиштата на некои од потписниците, елаборирани во нивните трудови во вториот дел од објавената книга „Македонија и односите со Грција” (1993), кој ќе го опфати особено периодот откако Република Грција го оспори правото на нашето многувековно и уставно име.

Македонската академија на науките и уметностите е убедена дека проблематизирањето на она што е аксиоматски факт (на пример, повеќедецениско постоење на државна творба под името Република Македонија) е во груба спротивност со историските реалности и со современите општоцивилизациски вредности врз кои се гради модерна Европа. Тие вредности се заедничко наследство и стремеж и на Република Македонија и на

Република Грција. Затоа и ние, луѓето од науката и уметноста, се залагаме за што побрзо надминување на атавизмите од минатото на патот кон обединета и просперитетна Европа. Апсурдно е на тој заеднички пат да се бара од нас да се откажеме од сопственото многувековно име и од самите себе. Името на Македонија е стварноста на Македонија.

БИЛТЕН НА МАНУ ГОД. XXXVI, БР.1, 2009